

Александар
**ВУЧЕВСКИ**

# БАЛКАНИЗАЦИЈА

"Не смееме да дозволиме балканизација на нашата држава", изјави неодамна еден шпански политичар, по повод прогласувањето на поголема автономија за покраината Каталонија.

Се разбира, тој го употреби поимот балканизација во негативна конотација. Веќе сите сме навикнати на ваква употреба на овој поим. Често пати слушаме: Балкан, балкански, балканизација. Балканот како поим веќе одамна не е само географска одредница. Топонимот од географските карти сега има и други значења, кои ги среќаваме секојдневно и насекаде. Политичките, социјалните, културно-идеолошките конотации го оптоваруваат географскиот означител. Денес, во лингвистичка смисла, Балканот означува: насилство, омраза, нетрпеливост. Поимот веќе е толку демонизиран што неговите "нови" значења почнуваат да се среќаваат и во речниците на некои западни јазици. Така, изјавата на спомнатиот шпански политичар подразбира дека тој не се согласува со цепкањето на неговата држава на помали територијални единици. Ова симболично значење на поимот балканизација се среќава и во другите европски јазици: balkanisieren на германски, balkaniser на француски, balkanizzare на италијански, или to balkanise на англиски. Сите овие зборови значат поделба на повеќе помали и често заемно непријателски расположени територијални единици, исто како што е направено на Балканот на крајот на XIX и на почетокот на XX век.

Освен ова "политичко" значење на поделба, поимот го означува и наводниот примитивен и заостанат аспект на балканската култура во однос на останатиот дел од Европа. Тоа значи обележување на овој простор како периферија, не само географска, туку и културна, во однос на "центарот". Ваквиот крајно негативен имиџ на Балканот е граден со години и за дел од него можеби сме заслужни ние самите - народите кои живеат на ова поднебје. Сепак, се добива впечаток дека на моменти поимот неправедно се употребува од европските политичари и новинари, кои злоупотребувајќи го овој термин како да сакаат да ги ослабат позициите на целиот регион, особено сега во моментите на новото геостратешко преуредување на Европа. Ова е особено изразено токму во моментите на проширувањето на Европската унија и на НАТО. Во овој контекст многу е важен и идниот статус на Балканот.

**БАЛКАНОТ КАКО ПОИМ ВЕЌЕ ОДАМНА НЕ Е САМО ГЕОГРАФСКА ОДРЕДНИЦА. ДЕНЕС ТОЈ ИМА НЕКОЛКУ ДРУГИ НЕГАТИВНИ ЗНАЧЕЊА.**



**СÈ ДОДЕКА И ПОСЛЕДНАТА ДРЖАВА ОД РЕГИОНОТ НЕ СЕ ПРИКЛУЧИ КОН НАТО И ЕУ НЕМА ДА ИМА ЦЕЛОСНА СТАБИЛНОСТ.**

Но, дали само Балканците се виновни за ваквата денешна ситуација во која се наоѓаат. Секако тука се поставува и прашањето за одговорноста на "Западот" за балканските состојби и улогата на големите сили во кроењето на балканските граници. Историски гледано тоа го подразбира и нивниот повеќевековен интерес за овој простор, интерес кој освен политички е и финансиски. Не смееме да заборавиме дека мапите на Балканот се создавани низ годините токму во големите европски центри. Значи, балканизацијата како парцелизирање (создавање на мали завојувани ентитети) е создадена на конгресите во Виена, Берлин, Лондон и токму оттаму станува синоним за дехуманизација, поделба, постојани конфликти и хаос. Токму на тие конгреси во европските метрополи била кроена судбината на овие народи и токму тогаш се направени и најголемите историски неправди. Случајот со поделбите на Македонија е најочигледен пример за тоа.

Денес меѓу балканските држави повторно има "отворени прашања". Хипотеките од минатото сè уште се актуелни. Историјата повторно се испречува пред соработката. Во ова време на сеопшта интеграција и обединување недозволиво е Балканот да остане "црна дупка" на Европа. Сè додека и последната држава од регионот не се приклучи кон НАТО и ЕУ нема да има целосна стабилност. Премногу долго сме сведоци на конфликти и тензии. Новото време бара заедништво на сите полиња. Потребна ни е економска, политичка и културна соработка а не сопирачки, вета и блокади. Потребно ни е да учиме од историјата и да не ги повторуваме истите грешки. Конечно, потребен ни е дијалог и меѓусебно разбирање. Само така ќе ја отвориме новата страница во нашите меѓусебни односи и ќе тргнеме напред. Сè друго би претставувало единствено враќање назад. Од такво нешто народите на Балканот веќе се уморни.